СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
08.08. 2025 година

АРХИВСКИ БРОЈ:04-9902/14

Врз основа на Член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024 и 210/2024), Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ОДЛУКА

**за избор на еден (1) извршител-кандидат за административен службеник за работното место 1.УПР0101Б04000 Раководител на одделение за канцелариско и архивско работење во Сектор за општи работи**

1. За работното место **Раководител на одделение за канцелариско и архивско работење во Сектор за општи работи** во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се избира кандидатот БИЛЈАНА ТРАЈАНОВСКА.
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на оваа одлука, за што Министерот ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по интерен оглас формирана со Решение број 04-9902/9 од 07.08.2025 година, во функција за спроведување постапка за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа одлука, а по интерниот оглас за унапредување на административен службеник број 04/2025 објавен на 28.07.2025 година на интернет-страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за администрација, на ден 07.08.2025 година спроведе административна селекција и на ден 07.08.2025 година спроведе интервју за наведеното работно место.

По спроведената административна селекција, интервју и извршеното бодување, Комисијата изготви Записник од административна селекција број 04-9902/10 од 07.08.2025 година и Записник од спроведено интервју со финална ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлука за вработување број 04-9902/11 од 07.08.2025 година.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на финалната ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлуката за вработување, Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

МИНИСТЕР
**Цветан Трипуновски**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за вработување


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015